СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗА е БАНК СЕРВИСОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО БАНКАРСТВО НА СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

Склучен помеѓу:

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

1. Стопанска Банка АД Скопје, ул.11 Октомври бр.7, 1000 Скопје, даночен број 4030996116744, претставувана од ____________________(во натамошниот текст: СБ, или Банка),

и

2.___________________________ул._____________________, даночен број _____________

претставувано/застапувано од ______________________ (во натамошниот текст: Клиент).

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни за користење на електронското банкарство (еБанк сервис) на Стопанска Банка АД Скопје ( СБ или Банка) со кое се овозможува користење на производи и услуги подготвени од страна на СБ по електронски пат преку пренос на податоци помеѓу договорните страни.

**Член 2**

Користењето на услугите на еБанк сервисот е регулирано со релевантни законски и подзаконски акти и интерни акти на СБ, кои се однесуваат на работењето на Клиентот со СБ.

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ

**Член 3**

Со еБанк сервисот на Клиентот му се даваат следните услуги:

- Пристап за увид во состојбата на сметката/сметките на Клиентот во СБ;
- Вршење на банкарски трансакции кои ги овозможува СБ;
- Информации и извештаи поврзани со банкарските услуги на Клиентот.

Наведените услуги од став 1 на овој член се овозможуваат на овластени лица на Клиентот или ополномоштени лица од страна на Клиентот за работа со сметките.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА СБ

**Член 4**

Во прилог на овој Договор, СБ на Клиентот му доставува во електронска форма софтвер за инсталација на УСБ токен или Smart Card со Упатство за инсталација на софтвер за работа со УСБ токен или Smart Card и Упатство за користење на софтвер. Клиентот самостојно врши инсталација.

**Член 5**

Клиентот може да ги користи услугите кои ги овозможува СБ согласно со овој Договор единствено преку поседување на дигитален сертификат или уред што единствено тој го поседува.

Банката го потврдува идентитетот на Клиентот преку неговото корисничко име и преку слог на знаци што му се познати единствено на клиентот, односно на овластените и/или ополномоштените лица од негова страна како што е лозинка и пин, и преку дигиталниот сертификат или уред (електронска картичка, клуч, токен и/или единствени физички карактеристики во согласност со важечката регулатива) што единствено клиентот ги поседува, односно овластените и/или ополномоштените лица од негова страна.

**Член 6**

СБ се обврзува да додели дигитален сертификат и/или уред врз основа на образец подготвен од страна на СБ-т.н. Пријава, доставен од страна на Клиентот за овластените и/или ополномоштените лица, исклучиво за користење на услугите од електронското банкарство и истиот не смее да се употребува за комуникација во други системи надвор од СБ.

**Член 7**

СБ се обврзува да обезбеди навремено извршување на сите правилно пополнети налози за банкарски трансакции доставени во рамките на термините објавени во Терминскиот план на СБ објавен на шалтерите на СБ, и на инетернет страната на СБ : www.stb.com.mk. Работните денови и часови за вршење на платните трансакции се утврдени со Терминскиот план.

Секоја извршена платна трансакција на Клиентот, идентификуван во согласност со член 5 од овој договор, преку еБанк сервисот се потврдува со лозинка за активирање на дигиталниот сертификат и/или уредот. Вака извршените платни трансакции се неотповикливи и за истите банката обезбедува соодветни ревизорски траги кои се чуваат во согласност со важечката законска регулатива.

**Член 8**

СБ нема да изврши налог за платна трансакција доколку сметката на Клиентот е блокирана по било кој основ. СБ нема да изврши налог за плаќање доколку на сметката на Клиентот нема доволно средства за извршување на налогот или нема доволно средства за плаќање на провизијата за СБ, или доколку извршувањето на налогот би го надминал дозволеното пречекорување на сметката.

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата

**Член 9**

СБ нема да биде одговорна доколку не била во можност да изврши или задоцни со извршувањето на плаќањето преку електронското банкарство поради било која од следните причини:

- Доколку се случат настани надвор од контрола на СБ поради виша сила, губење на телекомуникациските врски, пожар, поплава, вируси или други, кои може да го задржат извршувањето на налогот.
- Опремата и /или софтверот на Клиентот или СБ не работат а Клиентот знаел или бил известен од СБ за настанатиот проблем или прекин во работењето пред да се обиде да даде налог за плаќање
- Доколку страната во чија корист се врши плаќањето не е во состојба да го прифати плаќањето или на друг начин предизвика задоцнување во трансферот на средствата.

**Член 10**

СБ ќе изврши пресметка и наплата на трошоците за набавка на носач на сертификат и на трошоците настанати со користење на услугите на еБанк сервисот на СБ, на товар на сметката на Клиентот а во согласност со важечката Тарифа на надоместоци на услуги, објавена на интернет страната на СБ:www.stb.com.mk.Со потпишувањето на овој Договор Клиентот се согласува за видот и висината на трошоците да се информира од објавите на шалтерите на СБ и/или интернет страната на СБ. За наплата на гореспоменатите трошоци Клиентот ја овластува СБ да ја задолжи сметката на Клиентот. Доколку нема средства на сметката од која се врши плаќањето, Клиентот ја овластува СБ да ги наплати настанатите

трошоци за користење на услугите со зафаќање на средства односно издавање на платни инструменти на товар на било која сметка на Клиентот во СБ, доколку истото е согласно деловната политика на Банката.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА КЛИЕНТОТ

**Член 11**

Клиентот се обврзува за сите лица кои се овластени да вршат плаќања и трансфери во име и за сметка на Клиентот преку еБанк сервисот на СБ да ги достави личните податоци кои се потребни за персонализација и генерирање на сертификат/и. Клиентот се обврзува во случај на промена на личните податоци на лицата кои се овластени да вршат плаќања и трансфери во име и за сметка на Клиентот, писмено да ја извести СБ, веднаш по настанатата промена.. СБ не превзема одговорност за плаќања или трансфери извршени од страна лице/а од кое било променето, во периодот од моментот на неговата промена до моментот на приемот на писменото известување од страна на СБ.

**Член 12**

Клиентот се обврзува да обезбеди овластените/ополномоштените лица, лозинката и сертификатот да ги третираат како доверлива информација, да не ги открива на трети лица и да не дозволи трето лица: а) да го користи името на Клиентот на еБанк сервисиот на СБ, б) да има пристап до сметката/е на Клиентот и в) да врши трансакции од сметката на Клиентот. Клиентот се обврзува да обезбеди овластените/ополномоштените лица да ги преземат сите неопходни дејствија за чување на лозинката и сертификатот и да го спречат секој неовластен пристап до податоците и средствата за електронско потпишување како и да се исклучат од веб пристапот до еБанк сервисот на СБ при секое физичко напуштање на компјутерот.

Во случај на постапување на Клиентот спротивно на преземените обврски од став 1 од овој член, СБ нема да сноси никаква одговорност.

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ

**Член 13**

Клиентот ја овластува СБ да ја реализира секоја порака потпишана со електронски потпис на неговото овластено/ополномоштено лице. Секоја порака потпишана од страна на овластените/ополномоштените лица на клиентот со нивниот електронски потпис е неотповиклива.

**Член 14**

Клиентот се обврзува по секој даден налог за трансакција задолжително да провери дали истата е извршена и доколку не е извршена да констатира дали постои причина за неизвршувањето на плаќањето.

**Член 15**

Клиентот има право на рекламација во врска со доставените налози за трансакции преку еБанк сервисот, писмено во рок од 15 календарски дена од изготвувањето на банкарскиот извод на сметката на Клиентот.

**Член 16**

Клиентот се обврзува веднаш да ја извести СБ доколку се сомнева дека дигиталниот СБ сертификат и/или лозинката на било кое лице овластено/ополномоштено да врши трансакции или трансфери во име и за сметка на Клиентот се загрозени или злоупотребени или дека трето лице ги користело или се обидело да ги користи без согласност на Клиентот.

**Член 17**

Клиентот се обврзува веднаш да ја извести СБ доколку било кое лице овластено да врши трансакции или трансфери во име и за сметка на Клиентот го изгуби или му е украден дигиталниот сертификат и/или лозинка.

**Член 18**

Известувањата од точка 16 и 17 како и информациите во врска со работењето на еБанк сервисот во текот на денот Клиентот ги врши и може да ги добие на телефонскиот број на контакт центарот објавен на интернет страната на СБ. Доколку Клиентот не ги даде потребните известувања согласно член 16 и 17 од овој Договор, СБ нема да сноси никаква одговорност.

**Член 19**

Овој Договор се склучува на неопределено време, а Клиентот истиот може да го раскине со поднесување на писмено известување до СБ во кое ја изразил намерата за раскинување на овој Договор. Во таков случај, овој договор ќе се смета за раскинат после протек на 15 дена од приемот на известувањето во СБ.

**Член 20**

Дигиталниот СБ сертификат се доделува со времетраење од 5 години сметано од моментот на неговото доделување, а периодот на важност на сертификатот може да се промени согласно актите на СБ и деловната политика. Издадените сертификати кои се важечки во моментот на склучувањето на овој Договор ќе важат до датата на истекување која е утврдена на денот на нивното издавање/обновување. СБ ќе го извести Клиентот за истекот на рокот на сертификатот еден месец пред крајниот рок на важност на сертификатот и ќе издаде нов сертификат заради овозможување на услугите согласно овој Договор, доколку овој Договор продолжува да важи. Во случај на промена на рокот на важење на дигиталниот сертификат согласно деловната политика и актите на СБ, СБ има обврска веднаш да го извести Клиентот, а во случај на издавање на нов сертификат заради продолжување на користењето на услугите од овој Договор, трошоците паѓаат на товар на Клиентот и за нив се применуваат одредбите од овој Договор со кои е регулиран начинот на плаќање/наплата на овие трошоци.

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 21**

СБ го задржува правото да врши измени во понудата и содржината на одделни услуги и функционалности на електронското банкарство регулирани со овој Договор, без потпишување на нов договор а согласно деловната политика на Банката. Клиентот ги прифаќа одредбите од оваа точка и прифаќа за истите да биде известен преку некои од медиумите за известување кои ги користи СБ и тоа: извод на сметка/сметки, интернет страница на СБ, со објави на шалтер или известување во било кој јавен медиум.

Доколку Клиентот не се согласува со одредени промени во работењето на сервисот електронско банкарство за истото треба писмено да ја извести Банката во рок од 15 дена од денот на објавување на измената а спротивно ќе се смета дека истиот е согласен со предложените измени и истите стануваат составен дел на овој Договор.

Во случај Клиентот да достави писмено известување до СБ во смисла на претходниот став ќе се смета дека истиот доставил барање за раскинување на овој Договор и ќе биде постапено согласно одредбите за раскинување на овој Договор на барање на Клиентот.

**Член 22**

СБ може еднострано и без отказен рок да го раскине Договорот и да го исклучи Клиентот од еБанк сервисот во секое време, а особено доколку според сопствено убедување смета дека тој намерно или со големо невнимание предизвикал неправилно работење на системот за електронско банкарство и платниот

систем како целина, како и поради постапување од страна на Клиентот спротивно на преземените обврски од овој Договор или нивно неисполнување.

**Член 23**

Доколку Договорот се раскине на барање на било која од договорените страни, налозите за трансакции доставени пред раскинување на Договорот кои се со идна дата на извршување (по датата на раскинување на Договорот) ќе се сметаат за неважечки.

**Член 24**

Со раскинувањето на овој Договор престанува и важноста на поединечните дигитални СБ сертификати.

**Член 25**

СБ не презема одговорност за директни или индиректни штети настанати поради непочитување на одредбите од овој Договор од страна на Клиентот.

**Член 26**

Во случај на спор договорните страни ќе се обидат истиот да го решат спогодбено. Во спротивно надлежен е стварно надлежниот суд во Скопје, а во моментот на склучување на овој Договор тоа е Основниот суд Скопје 2 Скопје.

**Член 27**

За се што не е предвидено со овој Договор важат релевантните законски и подзаконски акти во Република Македонија

**Член 28**

Овој Договор е изготвен во 2 (два) еднакви примероци од кои по еден примерок за секоја договорна страна.

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата

| Клиент: | За Стопанска Банка АД Скопје: |
| --- | --- |
| _____________________________ | ________________________________________ |

Потпис

_____________________________

Место и дата

______________________

Доколку сакате да ја контактирате Службата за Грижа за клиентите во врска со услугите, производите или вработените на Банката, или сакате да поднесете приговор или дојава во врска со етички, сметководствени или ревизорски прашања до Одборот за ревизија, Ве молиме посетете ја нашата Web страница: www.stb.com.mk.